Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 78 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 25 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од седумдесет и осмата седница на Државната изборна комисија**

Седумдесет и осмата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 25 март 2014 година ( вторник ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 12:30 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Разгледување и одлучување по поднесени приговори во врска со членот 69 – а од Изборниот законик;**
**2.Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР - дополнување, Амбасадата на Соединетите Американски Држави и Амбасадата на Република Србија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и**
**3.Разно**

Се отвори расправа по предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на дневниот ред на 78 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Разгледување и одлучување по поднесени приговори во врска со членот 69 – а од Изборниот законик;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, даде објаснување во врска со оваа точка, односно во врска со разгледувањето и одлучување по поднесени приговори во врска со членот 69 – а од Изборниот законик. Го прочита членот 69 – а став (3) кој гласи:"Во случај на поднесени приговори за непочитување на одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, ДИК е должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок не подолг од 7 дена од денот на поднесувањето на приговорот ". За појаснување кажа дека членот 69 – а се однесува на изборната кампања, односно дадено е правото на поднесување на приговор доколку се направат прекршоци во врска со изборната кампања. СДСМ има до ДИК поднесено

два приговори. Првиот приговор се однесува на прекршување од страна на претседателот на Република Македонија и кандидат за претседател на претседателските избори 2014 год. Ѓорѓе Иванов, кој на ден 14.03.2014 година го промовираше Отчетот за сработеното како претседател на Република Македонија за период 2009 – 2014 година. Вториот приговор се однесува на прекршување од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ која на ден 16.03.2014 година во Хотел Александар Палас организираше јавно медиумско претставување на Отчетот на сработеното на Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери. И во едниот и во другиот случај се наведува дека се повредени одредбите од членот 69 – а од Изборниот законик и СДСМ предлага да да се превземат соодветни мерки во однос на законските можности што ги има ДИК. Предлага прво ДИК да расправа по првиот приговор како е заведен во архивата, а потоа по вториот.

За збор се јави Бедредин Ибраими , Член на ДИК кој побара да се расправа по двата приговора, а да се одлучува поодделно по секој приговор. Има една точка на дневен ред и така треба да се дискутира.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, констатира дека ќе се дискутира по двата приговора. Работната група на ДИК по двата приговора има направено информација, во која има свои констатации кои после ќе бидат прочитани. Сите членови на ДИК го имаат материјалот и Извештајот на работната група.

Се отвори дискусија во која збор зедоа:

- Сашо Срцев, Член на ДИК, кој кажа дека прво ќе зборува за првиот приговор и нема да зборува материјално. Приговорот има недостатоци од формално правен аспект и поднесен е од неовластено лице, политичката партија СДСМ која не е подносител на листа на кандидат за претседател на Р.Македонија за да може да биде подносител на приговор.Од тие причини бара да се отфрли овој приговор.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека како подносител на приговорот стои СДСМ но приговорот го потпишал Борис Кондарко, овластен претставник на подносител на листата поднесена од 38 пратеници на кандидат за претседател Стево Пендаровски и ДИК го има тоа овластување.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кој кажа дека е тоа уште полошо, СДСМ не може да биде подносител на овој приговор а друг го потпишал.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски праша по кој основ стои дека политичка партија не може да биде подносител на приговор, а дадено е правото по член 69 – а од Изборниот законик во случај на поднесени приговори дека е ДИК должна да ги испита наводите и да постапи по поднесениот приговор во рок од 7 дена од денот на поднесувањето на приговорот.
- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа дека од дискусијата на Сашо Срцев, произлегува дека нема СДСМ активна легитимација да поднесе приговор. Бара да и одговорат каде е забрането СДСМ да поднесе приговор, а таа кажува дека може секој, физичко лице, граѓанин, секој без многу образложение да поднесе приговор. Не држи дека СДСМ нема активна легитимација и тоа не е така.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека на овој приговор е еден подносител, а друг го потпишува. Бара да се гласа по неговиот предлог да се отфрли овој приговор.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека нема потреба да се полемизира. Ова е обид за бегање.Да се отвори расправа и во расправата ќе се убедат дали има или не прекршок на изборната кампања. Штом се бега значи се признава.
- Влатко Сајковски, Член на ДИК, кажа дека по дискусијата на Сашо Срцев обрнал внимание од кого се потпишани приговорите. Првиот приговор е потпишан од Борис Кондарко, овластен претставник на подносител на листата поднесена од 38

пратеници на кандидат за претседател Стево Пендаровски, а вториот приговор, кој е сосема идентичен на првиот е потпишан од страна на Оливер Спасовски, Генерален секретар на СДСМ. Смета дека ДИК треба да се произнесе по предлогот на Сашо Срцев. Инаку секој граѓанин на Република Македонија има право да поднесе приговор.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК кажа, дека од потписите на приговорите се гледа дека има два легитимни приговори и бара да се стави предлогот на Сашо Срцев на гласање.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи, потсети дека тој бил против на листите на кандидати за претседател на Р.Македонија да се употреби амблемот на партијата поради тоа што е претседателскиот кандидат независен кандидат. ДИК ги измести работите и сега и партиите се измешани. Но ДИК во рок од 7 дена треба да реши по приговорите затоа што членот 179 став (3) предвидува казна. Добро е што приговорите се разгледуваат на време. Предлогот на Сашо Срцев не држи, секој има право да поднесе приговор, легитимно е што е на дневен ред и легитимно ќе се одлучува.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, Предлогот на Сашо Срцев, дека се приговорите доставени од неовластени лица и дека треба да се отфрлат, го стави на гласање.

**3 Членови на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа “ ЗА “ усвојување на Предлогот на Сашо Срцев, дека се приговорите доставени од неовластени лица и дека треба да се отфрлат и 4 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа “ ПРОТИВ “.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека Предлогот на Сашо Срцев не е прифатен и се почна со материјална расправа.

За збор се јавија:

-Виолета Дума, Член на ДИК, која кажа дека е првиот приговор доставен во писмена форма, во законски рок до ДИК на 18.03.2014 година а се однесува за настан опишан во приговорот. На 14.03.2014 година претседателот на Република Македонија и кандидат за претседател на претседателските избори 2014 год. Ѓорѓе Иванов, го промовираше Отчетот за сработеното како претседател на Република Македонија за период 2009 – 2014 година. На ден 14.03.2014 година ДИК ги имаше веќе потврдено листите на кандидати за претседател на Република Македонија. Истиот тој ден, кога не е започната изборната кампања, претседателот Ѓорѓе Иванов го имаше Отчетот за сработеното како претседател на Република Македонија за период 2009 – 2014 година. Отчетот го имаше и во медиумите, на ТВ каналите и на интернет страница. Факт е дека навистина имало медиумско претставување, надвор од времето кога тоа може да се прави и согласно членот 69 – а од Изборниот законик има повреда на одредбата од Изборниот законик.

- Влатко Сајкоски, Член на ДИК, кажа, дека со оглед дека ДИК почна со расправа по повод поднесениот приговор на СДСМ со барање за покренување постапка согласно Изборниот законик, заради предвремен почеток на изборната кампања, треба да се земе во предвид следното:согласно член 2 од Изборниот законик, Изборна кампања е јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми во предизборниот период за одреден вид на избори.Учесник во изборна кампања е овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи кои ја организираат изборната кампања.Согласно член 69-а од Изборниот законик за изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на учесникот во изборна кампања,

јавно истакнување на плакати, видео презентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.Настанот кој е посочен од подносителот на приговорот е случен на ден 14.03.2014 година, во истиот ден кога ДИК одржуваше Седница за потврдување на поднесените кандидатури за претседател на Р.Македонија. Од ова произлегува дека во моментот на промоцијата на Јавниот отчет немало потврдена кандидатска листа на ниту еден кандидат па соодветно и на актуелниот претседател.Уште еден момент кој е од суштинско значење за овој случај е тоа што листата на кандидатот Ѓорге Иванов е поднесена од група од најмалку 30 пратеници, факт кој не е предвиден во чл.2, ст.2 т.14 од Изборниот законик каде исклучиво се посочува на овластено лице од политичка партија, коалиција или група избирачи. Без лична желба да наметнува мислење, би сакал да ја потсети ДИК, за неуспехот на една ваква слична иницијатива пред повеќе од пет години, кога судот го заздеде становиштето за недостаток на потврдена кандидатска листа на кандидат за претседател, при што одлуката на ДИК беше оспорена и поништена.Исто така мисли дека отчетот на Претседателот на РМ по форма и содржина претставува чин на давање соодветна заокружена целина за извршените работни ангажмани и активности на мандатот на носител на јавна функција. Впрочем обврска на секој носител на јавна функција е да даде извештај за својата работа во текот на мандатот. Согласно член 85 од Уставот, претседателот на Републиката е должен најмалку еднаш годишно да извести за работите од својата надлежност. Оттука, Отчетот претставува само писмен извештај за активностите кои ги реализирал претседателот во својот пет годишен мандат во однос на обврските кои му произлегуваат од позитивните законски прописи. Значи, остварените меѓународни посети и средби со неговите хомолози и други високи претставници на странски земји и меѓународни институции се обврски на претседателот кои произлегуваат од Законот за надворешни работи. Се она што е внесено во истиот, а не претставува експлицитен повик за гласање, учествување во изборен процес и слично е суштината на функцијата за која и се дава тој извештај. Соодветно на тоа смета дека финансирањето на истиот може да биде од извори од Буџетот за Претседател на Р.Македонија. Смета дека е повеќе од јасно дека дадениот приговор по однос на предвремена кампања е неоснован и ДИК треба да донесе решение со кој се одбива приговорот.

- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа околу првиот приговор на СДСМ дека има впечаток дека од една успешна политичка кариера на Д-р Ѓорге Иванов, СДСМ сака да направи сопствена партиска кампања. Лоша, во секој случај. Засега нивните напори ги оценува како почеток на негативна предизборна кампања, во период пред изборната кампања, време кога со одредбите во Изборниот законик тоа е забрането. Зошто според неа приговорот за наводно нарушување на Изборниот законик со кампања од страна на Ѓорѓе Иванов е неоснована._Според уставот на Р.Македпонија, чл. 80 алинеја 1 „Претседателот на Републиката се избира на општи и непосредни избори, со тајно гласање, за време од 5(пет) години". И, според чл.79 од Уставот – „Ја претставува државата, е врховен командант на вооружените сили, а своите права и должности ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите."Иако Д-р Ѓорѓе Иванов е кандидат за претседател, истовремено е претседател и врз основа на Уставот, неговиот мандат трае 5 години од денот на инаугурацијата односно поднесувањето на заклетвата. Д-р Ѓорѓе Иванов го започна својот 5 годишен мандат на 12 мај 2009 година. Оттука, на 12 мај 2014 година е последниот ден од неговиот претседателски мандат. Мандатор на кандидатот кој ќе биде избран на овие претседателски избори ќе започна на 14 мај 2014. Оценува

дека нема прекршување на членовите 69-а и 75-б како што тврди СДСМ во својот приговор. Затоа што, најпрвин Изборниот законик јасно ги прецизира активностите на носителите на јавни функции во време на избори. Во чл. 8 – а е дефинирано што носителите на јавни функции не може да прават, освен, како што стои во став 1 алинеја 3 „ ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на законот во тековната година" – која веќе е започната. Подолу во став 2 алинеја 2 , законодавецот прецизирал : „Под забрана за одржување на јавни настани не се подразбира особено давање на јавна изјава на носител на јавна функција или кандидат за носител на јавна функција на митинг, интервју на медиум, дебата на медиум или одговор на новинарско прашање." Ова треба да се гледа во контекст на претходната точка што ја цитирала, а како дел од редовните активности и обврски на претседателот на Р.Македонија. За време на избори државничките активности на јавните функционери се сведени на минимум или само на технички обврски, активности кои се однапред испланирани и за нив се одвоени средства. Имено, Д-р Ѓорѓе Иванов уште на почетокот на својот мандат ( тоа беше и изборно ветување) на јавноста и кажа дека на крајот од својот мандат ќе даде отчет за сработеното пред граѓаните. Тоа е и законска обврска на претседателот ( секоја година отчет за сработеното дава и пред Собранието на РМ), но и дел од програмата за работа на Д-р Ѓорѓе Иванов. Точно е тоа дека претседателот Иванов во изминатиот период оствари посета на многу општини и оствари средби со многу граѓани со кои зборуваше за стореното и достигнувањата, но сето тоа заврши пред ДИК да ја направи потврдата на неговата кандидатура. А патем, истото тоа го правеше и кандидатот на СДСМ – Пендаровски.Оттука и оценката дека не може да се прифати ниту делот од приговорот на СДСМ по чл. 75-б од Изборниот законик. Имено, претседателот Иванов во функција на претседател ги оствари средбите со граѓаните на кои им беше претставен Отчетот, кој се дава во врска со програмата што ја реализирал претседателот. Медиумите така и го проследија – како настан кој го организира претседателот на државата. Дел од медиумите го проследија настанот, дел можеби само пренесоа ( ги копираа информациите) од своите колеги кои ги проследија настаните. Но, тоа не може да се оценува како прекршување на одредбите од Изборниот законик кои се однесуваат на кампања. Во оваа насока, ниту изјавите на претседателот Иванов кои ја изразуваат желбата за достигнување на европските стандарди за влез на Р.Македонија во Европска Унија не може да се сведе на членовите од Изборниот законик на кои се повикува подносителот на приговорот. Затоа што, од еднострана изјава на волја не произлегуваат облигаторни односи. Со ова претходното само фигуративно укажува дека желбата, волјата за европска интеграција на Р.Македонија не може да се оценува како изборно ветување, затоа што законските надлежности на претседателот на државата – јасно е колку може да биде придонесот на претседателот во овој контекст.Кампања е да ветува нешто за понатаму, а не отчет што е сработено. Што се однесува пак до граѓаните кои го споделувале отчетот на социјалните мрежи. Ние не можеме да очекуваме дека граѓаните ќе ги знаат изборните правила, ниту пак да ги спречиме во нивната желба да ја пренесуваат информацијата која била ставена на интернет. Пак потсетува дека и Пендаровски се наоѓаше на Фејсбук. Кога се работи за ставање податоци на интернет, не е нужно изворот да ги повлече тие информации за споделувањето на информациите да престане. Веројатно заради сите овие работи, предлагачот во својот приговор ја користи сложената глаголска форма „можен начин", што во македонскиот литературен јазик се употребува за искажување на посакувано дејство, што сега претставува невистина или нотoрна лага.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека ќе дискутира накратко. Неспорно е дека претседателот на Република Македонија и кандидат за претседател на претседателските избори 2014 год. Ѓорѓе Иванов, на ден 14.03.2014 година го промовираше Отчетот за сработеното како претседател на Република Македонија за период 2009 – 2014 година. Ваков Отчет да дадеше во едно друго време, според него, ќе беше прифатен. Со овој Отчет тој си дозволи сам себеси да се промовира и си врши маркетинг. Неговото место за Отчет е Собранието на Република Македонија и на крај на годината во месец декември во Собранието дава Отчет и тој го давал таму. Сега, зошто излегол тоа да го чини пред камерите на соодветни собири пред граѓани. Во Извештајот на работната група на ДИК , вака како е изработен се смета, дека тој направил и злоупотреба на членот 83 од Изборниот законик, финансирање изборна кампања од средствата на Буџетот на Република Македонија. Значи се работи за чисто свое презентирање и тоа е сторено на 14.03.2014 година пред изборната кампања. За својот Отчет е и медиумски покриен на ТВ Канал 5, Алсат и многу интернет портали. На крај ја има програмата делено и лично на граѓани. Резимира, Ѓорѓе Иванов пред време ја започнал кампањата за претседател на Р.Македонија.Програмата ја финансирал од средствата од Буџетот. Се работи за кршење на Изборниот законик. Смета дека е приговорот основан.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа дека нема да навлегува во материјална расправа и од тоа што го искажале таа, Влатко Сајкоски и Претседателот на ДИК, нека оцени јавноста. Само сака да го коригира Претседателот на ДИК, дека Ѓорѓе Иванов си давал Отчет за тоа што го имал сработено, што правел секоја година. Не гледа дека има прекршување. И Стево Пендаровски делел програми.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, го цитира членот 8 – а од Изборниот законик и го прочита. Ѓорѓе Иванов сето тоа го има програмирано со години. Програмата во 8 - а се однесува на нешто друго, а Ѓорѓе Иванов го нема тоа предвидено. И Стево Пендаровски слично правел но не се поднесени приговори.Нема споредба и спој со Ѓорѓе Иванов и Стево Пендаровски.Не би одел понатаму во дискусија, главното е кажано. Замолува ДИК да не се претвори во реплики и контрареплики, како во Собранието.
- Анета Стефановска, Член на ДИК, кажа, само корегирање, приговорот се однесува на Отчетот а не на Програмата.
- Сашо Срцев, Член на ДИК, кажа дека приговор нема формално правна содржина. Ќе треба уште еднаш внимателно да се прочита членот 69 – а став (1) од Изборниот законик и го чита. Што е јавен собир и јавен настан. Во членот 2 од Изборниот законик во ставот (28) стои " Изборно медиумско претставување" е промовирање ( непосредно или посредно ) на ставови, програми, платформи, достигнувања, активности и др. на политички партии, коалиции, група избирачи и нивни претставници. " Потоа се повикува на членови од Законот за јавни собири. Во однос на првиот дел на приговорот во врска со интернет страницата, бара да му се објасни што е интернет претставување. Потоа го чита членот 4 од Законот за радиодифузија и членот 2 став ( 3 ) од Законот за медиуми. По однос на Отчетот за изработеното на претседателот, се повикува на членот 2 точката ( 28 ) од Изборниот законик. И според Законот за авторски права, оддел II членовите 31 и 32 став (2) кои ги прочита, за него Отчетот не претставува промоција.
- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа, во сплет на многу законски одредби и законски решенија воопшто не се адекватни сите членови, а особено членот 2 точката ( 28 ) од Изборниот законик, дали е изборно или не е изборно медиумско претставување. Дека нема медиумско претставување е заблуда. Ѓорѓе Иванов ја промовираше Програмата.

- Бедредин Ибраими, Член на ДИК, кажа дека мора да констатира дека во оваа држава најповеќе се дава важност на вакви препирки. Во ниту една држава нема слушнато дека е ДИК во центарот на случувањата. Наместо да се обрне внимание на бројот на избирачи во Изборната единица 6 дека има повеќе избирачи од законскиот цензус, ДИК се фати со ова, со членот 69 – а кој се санкционира со членот 179 - б од Изборниот законик. Се прашува како судот ќе го примени членот 179 – б " Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе му се изрече на правното лице ако не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања ( член 69 – а став (2) ) ". Кој е правно лице, Ѓорѓе Иванов, група избирачи или медиуми. Е ова се правните експерти. За него е јасно и тој треба да стане луциден како да се примени членот 179 став (3 ) од Изборниот законик. Во членот 69 – а требало да ги набројат учесниците во изборите, а најверојатно судот ќе се повика дека Ѓорѓе Иванов не е правно лице и нема основ на казнување. Во однос на Отчетот претседателот има право на Отчет но пред да се утврди листата. Ако на 14.03.2014 година имал Отчет, мисли дека има прекршување на членот 69 – а и има прекршок од страна на Ѓорѓе Иванов. Инаку има и активна (партијата) и пасивна ( Ѓорѓе Иванов ) легитимација. Во однос на вториот приговор дека Владата дала Отчет, Отчетот се дава во Собранието.Но тука нема пасивен легитимитет, нема утврдено листа на пратеници. Тој за првиот приговор ќе гласа " ЗА " и да се поведе прекршочна постапка, а за вториот приговор, нема пасивен легитимитет.

- Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека Бедредин Ибраими го кажал мислењето кое и тој го има. ДИК формира Работна група да ги следи можностите за предвремена кампања за претседателски избори и постапи правилно. За првиот приговор јасен е членот 69 – а кој вика, од кога ќе ја имаме потврдената листа на кандидати за избор на претседател на Р.Македонија. Извештај од работната група ДИК има, има Решение за потврдување на листата на кандидат за претседател на Р.Македонија Ѓорѓе Иванов, има примероци од медиуми и интернет страници. Се заблагодарува на работата на работната група. За првиот приговор несомнено дека има прекршување на членот 69 – а од Изборниот законик. Во членот 179 - б, за казните точно е дека пишува правно лице и како судот тоа ќе го реши не е надлежност на ДИК. Ќе гласа " ЗА" овој приговор да се усвои.За вториот приговор ДИК немало утврдена листа на кандидати за пратеници и тука е скептичен.За вториот приговор нема доволна можност и не е убеден за да донесе соодветно решение. Извештајот од работната група многу помогна на ДИК. Побара членовите на ДИК да бидат пократки во дискусиите подобро ќе се искажат. Што се однесува до членот 75 – в не е надлежност на ДИК, тоа е надлежност на Советот за радиодифузија.

- Виолета Дума, Член на ДИК, кажа појаснување, во членот 179 – б судот ќе изрече глоба за прекршок само на правни лица , но во членот 180 во ставот (1) судот ќе изрече глоба за прекршок на учесник во изборна кампања кој не се придржува до членот 72 од Изборниот законик. Според ова исполнети се двата услови, Ѓорѓе Иванов е овластено лице од политичка партија и по тоа за пасивна легитимација, нема пречка. Дали се вика Програма или Отчет, Отчет е на крајот на годината а не во месец март.

- Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека му е разбирливо што претседателот го дава вака Отчетот, тој е непосреден претседателски кандидат, а не му е јасно зошто Владата дала така Отчет кога е во полна функција и работа, а Отчетот на Владата се дава во рамките на Собранието.

Дискусиите завршија. Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, кажа дека ќе се гласа прво по првиот приговор поднесен поради тоа што на 14.03.2014 година

претседателот на Република Македонија и кандидат за претседател на претседателските избори 2014 год. Ѓорѓе Иванов, го промовираше Отчетот за сработеното како претседател на Република Македонија за период 2009 – 2014 година, со што е направен прекршок од страна на Ѓорѓе Иванов и согласно членот 31 точка (3) од Изборниот законик, претседателот на ДИК има полно право да побара, ДИК да предложи иницијатива за поведување на прекршочна постапка, ако се прифати приговорот.

Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска, Членови на ДИК побараа Претседателот да го прочита насловот на приговорот и така да го стави на гласање.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го прочита барањето на крајот на приговорот, во кое се бара ДИК, согласно законските надлежности да отпочне постапка за потврдување на наводите и казнување на прекршителот на законот.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го стави на гласање и прифаќање првиот приговор.

**4 Членови на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски, М-р Субхи Јакупи, Виолета Дума и Бедредин Ибраими ) се произнесоа “ ЗА “ усвојување на првиот приговор и 3 Членови на Државната изборна комисија ( Влатко Сајкоски, Сашо Срцев и Анета Стефановска ) се произнесоа “ ПРОТИВ “ усвојување на првиот приговор.**

**Се констатира дека ДИК го прифати првиот приговор од СДСМ.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски го стави на гласање вториот приговор кој се однесува на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ која на ден 16.03.2014 година во Хотел Александар Палас организираше јавно медиумско претставување на Отчетот на сработеното на Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери.

**2 Члена на Државната изборна комисија ( Никола Рилкоски и Виолета Дума ) се произнесоа “ ЗА “ усвојување на вториот приговор и 5 Членови на Државната изборна комисија ( М-р Субхи Јакупи, Влатко Сајкоски, Сашо Срцев, Анета Стефановска и Бедредин Ибраими ) се произнесоа “ ПРОТИВ “ усвојување на вториот приговор.**

**Се констатира дека ДИК не го усвои вториот приговор од СДСМ.**

**Точка 2:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР - дополнување, Амбасадата на Соединетите Американски Држави и Амбасадата на Република Србија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека за овие акредитации имаме од службите дека се во ред барањата и дека е доставена потребната документација. Исполнети се условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР - дополнување, Амбасадата на Соединетите Американски Држави и Амбасадата на Република Србија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата за акредитација од Канцеларија на ОБСЕ/ОДИХР - дополнување, Амбасадата на Соединетите Американски Држави и Амбасадата на Република Србија за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

**Точка 3:**
**Разно**

За дискусија по точката "Разно" не се јави никој за збор.

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, поради тоа што немаше пријавени за дискусија, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори седумдесет и осмата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**78-тата седница на Државната изборна комисија заврши во 14:10 часот.**

**Број** 07-1161/2
28.03.**2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА**
**ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**